Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

# Извадок на дел од дневни настани 16.06.2022

На 15.06.2022 во 21.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово – Одделение за недозволена трговија со дрога и оружје ги лишиле од слобода Н.В.(22) од с.Тромеѓа, кумановско и Д.Ј.(19) од Куманово. При претрес во домот на Н.В., извршен со судска наредба, двајцата биле затекнати како пакуваат марихуана во мали ќесиња за продажба. Притоа, биле пронајдени и одземени околу еден килограм марихуана, таблети екстази, амфетамин, кокаин, хероин, пари, две дигитални ваги, празни најлонски опаковки и фолии за пакување, нотес со клиенти, неколку прачки експлозив и неколку детонатори, како и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.06.2022 околу 22.00 часот пред угостителски објект на ул.„Новачки Пат", полициски службеници од СВР Битола - Одделение за криминалистичка полиција – Отсек за недозволена трговија со дрога и оружје ги лишиле од слобода Н.П.(42) и К.Т.(33), двајцата од Битола. Тие биле затекнати додека Н.П. му продава кокаин и марихуана на К.Т. и притоа кај нив биле пронајдени кокаин, марихуана, пари и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Двајцата биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.06.2022 во 10.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, со судска наредба, го привеле 43-годишниот Н.А. од гостиварско Врапчиште за издржување на затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 15.06.2022 во 09.45 часот на регионалниот пат Берово-Виница, кај место викано „Обозна", полициски службеници од СВР Штип – Одделение за криминалистичка полиција – Отсек за економски криминал го лишиле од слобода Ѓ.Д.(44) од Берово, вработен како како референт за сеча, дотур и превоз во Јавното претпријатие „Национални шуми" – Шумско стопанство „Малешево"- Берово, поради сомнение за сторено кривично дело по член 353 од Кривичниот законик односно поради незаконско издавање на испратници за превоз на дрва. По преземени мерки и при претрес кај него и во неговото возило „исузу" со беровски регистарски ознаки, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пари, повеќе кочани со испратници издадени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, бланко испратници, чекан за жигосување на дрвна маса и мобилни телефони. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно докумнетирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.06.2022 во 23.15 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.А.(38) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.06.2022 во 01.35 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Ш.(24) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.06.2022 околу 14.00 часот на улица „Петар Ѓончески Гиле" во Струга, полициски службеници на ОВР Струга го лишиле од слобода Р.Ш.(31) од Струга затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.06.2022 во 15.30 часот во атарот на тетовски Лешок, полициски службеници на СВР Тетово го привеле 52-годишниот С.Ф. од тетовски Дреновец. Тој бил затекнат при сеча на дрва без потребните документи. Одземена му е моторна пила, а тој бил предаден на Шумска полиција за натамошна постапка. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.06.2022 во 19.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 33-годишниот Е.Н. од тетовско Теарце поради сомнение за извршени кражби. Тој бил задржан во Полициска станица Гостивар за расчистување и документирање на случаите.

Секторот за внатрешни работи Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар целосно расветли вкупно 15 измами и до Основното јавно обвинителство Гостивар вчера (15 јуни) поднесе кривична пријава против:Б.А.(35) од Скопје и тројца тетовци Р.М.(37), Б.М.(31) и Ш.Ш.(35), поради основи на сомнение дека сториле кривично дело "измама", казниво по член 247 став 1 од Кривичниот законик. Четворицата пријавени, од кои двајца веќе издржуваат затворски казни, се сомничат дека во 2020, 2021 и 2022 година со лажно прикажување и со прикривање факти довеле во заблуда повеќе лица во Гостивар.Организаторите на овие измами за реализација на истите користеле и други лица, најчесто роднини или блиски на оштетените, а за да бидат поубедливи во нивните измислени приказни и на тој начин противправно да дојдат до различни суми на парични средства.

Во текот на вчерашниот ден (15.06.2022), Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 283 возачи. Од нив 19 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 127 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 156 надвор од населено место. За време на акциската контрола санкционирани биле и 159 други видови прекршоци.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (15.06.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 157 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 38 санкции, 16 мерки за возење без возачка дозвола. Изречени се и 16 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, девет мерки за недавање првенство на минување на пешаци, 26 за прекршоци што ги прават пешаците, четири мерки за користење на мобилен телефон...

На 15.06.2022 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 63 прекршоци, од кои 42 на подрачјето на Штип, 8 Свети Николе, 4 Кочани, 3 Пробиштип, 2 Виница, 2 Делчево и 2 Берово. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 25 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување нерегистрирано возило, 2 за технички неисправно возило, 7 за управување возило без возачка дозвола, 1 за непрописно престигнување, 3 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 4 за непрописно паркирање.

На 15.06.2022, полициски службеници на СВР Тетово спроведоа акциска контрола за прекршоци што ги прават мотоциклисти, во која вкупно биле откриени и санкционирани 43 прекршоци (ТЕ-34 и ГВ-9), а за кои биле изречени исто толку мерки. Најголемиот број од прекршоците (19) се однесувале на некористење на заштитна опрема, односно кацига (ТЕ-13 и ГВ-6) и на управување без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа (ТЕ-5 и ГВ-2), додека 4 (ТЕ) не поседувале соодветни полиси за осигурување. При контролата, исто така, санкционирани се и 15 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-13 и ГВ-2).

На 15.06.2022 во 09.35 часот во СВР Куманово било пријавено дека на крстосницата од бул.„Трета Македонско ударна бригада" и ул.„Тоде Мендол", патничко моторно возило „шкода" со кумановски регистарски ознаки, управувано од В.Т.(44) од Куманово, удрило во Н.Р.(77) од с.Черкези. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот констатирани во Општата болница во Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 15.06.2022 во 19.20 часот во Плициската станица Кавадарци било пријавено дека на локалниот пат с.Ресава-Кавадарци, во близина на место викано „Пумпите" на Тиквешко езеро, патничко моторно возило „опел астра" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од С.Т.(47) с. Бегниште, кавадаречко, излетало надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Општата болница во Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 16.06.2022 во 01,50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на Казнено поправната установа Затвор „Идризово" на паркингот позади управната зграда, било опожарено патничко моторно возило "фиат пунто" со скопски регистарски ознаки, сопственост на вработен во затворот. Пожарот бил локализиран од страна на Бригадата за противпожарна заштита и сопственикот, кој при гаснење на пожарот се здобил со повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.06.2022 во 09.15 часот во Полициската станица Аеродром, В.Ј.(62) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

На 15.06.2022 во 10.50 часот во Полициската станица Карпош, В.П.(38) од Скопје пријавила дека во близина на Милениумски Крст на Водно нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 15.06.2022 полициски службеници од СВР Битола – Полициска станица Македонски Брод, со судска наредба, извршиле претрес во домот на Г.М.(53) во с.Горно Ботушје, општина Македонски Брод. При претресот биле пронајдени и одземени ловечка пушка „ЦЗ" со калибар 16мм, неколку ловечки патрони калибар 16 мм, неколку куршуми калибар 7,62 мм. и еден малокалибарски куршум. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.06.2022 околу 19.00 часот во с.Прналија, радовишко, полициски службеници од ОВР Радовиш во содејство со службеници од шумска полиција пронашле патничко возило „лада самара" без регистарски ознаки, натоварено со огревно дрво. Дрвата биле одземени и биле предадени во Јавното претпријатие „Национални шуми" - Радовиш за понатамошна постапка.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.И.(55) од кичевското село Мидинци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем",. Тој, на 19.11.2021, на повеќе објави на социјалната мрежа Фејсбук постирал коментари со содржина со која повикувал на омраза и насилство.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Б.И.(52) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижности" и „бесправно градење". Тој, со цел изведување градба, на катастарска парцела во месноста ,,Манастирец" во атарот на општина Центар Жупа узурпирал земјиште во државна сопственост со вкупна површина од 71,41 метри квадратни. Притоа, се стекнал со противправна имотна корист.

На 14.06.2022 на Граничен премин „Свети Наум", полициски службеници го лишиле од слобода А.С.(40) од Република Албанија затоа што при проверка во службената евиденција било констатирано дека бил баран од Секторот за меѓународна полициска соработка – Интерпол. Тој бил приведен во Полициска станица Охрид, а од судија на претходна постапка му е одредена мерка притвор во траење од 30 дена.

На 15.06.2022 околу 14.45 часот на крстосница од улица „Митрополит Теодосиј Гологанов" и ул.„Московска", полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.П.(41) од Скопје затоа што со патничко моторно возило „опел" со скопски регистарски ознаки удрил полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 16.06.2022 во 01.50 часот во СВР Скопје, М.С.(18) од Скопје пријавила дека околу 00.40 часот на подрачјето на Центар едно женско лице физички ја нападнало и со закана ѝ одзело пари. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.06.2022 во 21.40 часот во СВР Скопје, С.А.(41) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Ѓорче Петров нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од повеќе малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против М.Ј.(47) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца''. На 06.06.2022 во 20.10 часот на улица „8-ми Септември" во Дебар, при контрола, полициските службеници констатирале дека пријавениот врши јавен превоз без да поседува соодветна лиценца.

На 15.06.2022 во 00.05 часот во СВР Велес, П.Л.(19) од Велес пријавил дека на 14.06.2022 околу 10.30 часот во ходник од средно училиште во Велес бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.06.2022 во 01.00 часот во Полициската станица Неготино било пријавено дека во угостителски објект во Неготино по претходна вербална расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Л.М.(18) и С.С.(18), од една страна и А.Ј.(21) и Х.И.(21), од друга страна, сите од Неготино. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 15.06.2022 во 14.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, одговорно лице во Јавна установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми „25 мај" пријавила дека на 10.06.2022 во Оперативната единица - Хром малолетен штитеник на установата бил физички нападнат од воспитувач И.П.. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.06.2022 во 23.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Долно Лисиче, скопско, настанал пожар во три објекти на три фирми од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 15.06.2022 во 14.40 часот во СВР Скопје, Н.Ф.(53) од Скопје пријавил дека на улица „Џон Кенеди",неговото патничко моторно возило „голф 5" било оштетено од залутано зрно од огнено оружје. Повредени лица нема. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.06.2022 во 14.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, вработена во Јавна установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми – Скопје пријавила дека од Организациона единица Хром се оддалечил малолетниот штитеник М.А.(15) од Струмица. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 15.06.2022 во 14.10 часот во Полициската станица Гази Баба, И.К.(32) од Кичево пријавила дека во населбата Хиподром била касната од куче скитник.

На 15.06.2022 во 09.45 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, И.С.(53) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против П.А.(22) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 18.03.2022, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Е.М.(28) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 19.09.2021, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Д.А.(25) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 17.02.2021 во близина на село Осломеј, кичевско, при контрола на лица и возило, констатирано е дека пријавениот му овозможил на Д.А. да употребува марихуана во возилото.



Секој увид и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнива по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет